

# АНАЛИЗА НА ЕДНАКВОСТА НА ИСПОРАЧАНИТЕ ЗДРАВСТВЕНИ УСЛУГИ ВО РАЗЛИЧНИТЕ КОВИД-ЦЕНТРИ

**Марко Митевски**

ЈАНУАРИ 2022

ПЛАТФОРМА
на граѓански организации
за борба против корупцијата

FOUNDATION ФОНДАЦИЈА
OPEN ОТВОРЕНО
SOCIETY ОПШТЕСТВО
MACEDONIA МАКЕДОНИЈА

Проектот „Набљудување во ризични области од корупција: здравство и животна средина“ е финансиран од Фондација Отворено општество - Македонија. „Содржината е единствена одговорност на авторите и на грантот, и на ниту еден начин не може да се смета дека ги изразува гледиштата и ставовите на Фондација Отворено општество - Македонија“.

ИМПРЕСУМ:

**Издавач:** Институт за демократија „Социетас цивилис“ -Скопје
**Адреса:** Мирослав Крлежа 52 – 1/1
**Автор:** Марко Митевски

**Наслов на публикацијата:** Анализа на еднаквоста на испорачаните здравствени услуги во различните ковид-центри

**Автор:** Марко Митевски
**Уредник:** Марко Трошановски
**Дизајн:** Дејан Кузмановски
**Лектор:** Валентина Јошевска
**Печатница:** Ројал Арт, Апостол Гусларот 6/2 (2022)

© Институт за демократија „Социетас цивилис“ -Скопје (2022)

Тираж на публикацијата: 50

**CIP - Каталогизација во публикација**
Национална и универзитетска библиотека “Св. Климент Охридски”, Скопје

614.2:[616.98:578.834(497.7)”2020/2021”(047.31)
35.073.53:[616.98:578.834(497.7)”2020/2021”(047.31)
343.352:[35.073.53:614.2”2020/2021”(047.31) 2.

**МИТЕВСКИ, Марко**
Анализа на еднаквоста на испорачаните здравствени услуги во различните ковид-центри / автор Марко Митевски. - Скопје : Институт за демократија Социетас Цивилис - (ИДСЦС), 2022. - 45 стр. : табели ; 30 см

ISBN 978-608-266-019-6

а) Здравствени услуги -- Квалитет -- Ковид-центри -- Македонија -- 2020-2021 -- Истражувања б) Јавни набавки -- Ковид-центри -- Корупција -- Ризици -- Македонија -- 2020-2021 -- Истражувања

COBISS.MK-ID 56110085

# СОДРЖИНА


| | |
|---|---|
| РЕЗИМЕ | 5 |
| ЦЕЛИ И МЕТОДОЛОГИЈА | 8 |
| БРОЈ НА ХОСПИТАЛИЗИРАНИ ПАЦИЕНТИ ВО КОВИД-ЦЕНТРИТЕ | 11 |
| БРОЈ НА ПОЧИНАТИ ПАЦИЕНТИ ВО КОВИД-ЦЕНТРИТЕ | 13 |
| БРОЈ НА ПАЦИЕНТИ ШТО ДОБИЛЕ КИСЛОРОДНА ПОДДРШКА ВО КОВИД-ЦЕНТРИТЕ | 15 |
| БРОЈ НА ПАЦИЕНТИ НА РЕСПИРАТОРНА ПОДДРШКА ВО КОВИД-ЦЕНТРИТЕ | 17 |
| БРОЈ НА АНГАЖИРАН МЕДИЦИНСКИ ПЕРСОНАЛ ВО КОВИД-ЦЕНТРИТЕ | 19 |
| БРОЈ НА АНГАЖИРАНИ ЛЕКАРИ ВО КОВИД-ЦЕНТРИТЕ | 21 |
| БРОЈ НА АНГАЖИРАНИ МЕДИЦИНСКИ СЕСТРИ ВО КОВИД-ЦЕНТРИТЕ | 23 |
| КОРИСТЕНИ ЛЕКОВИ ЗА ТРЕТМАН НА ХОСПИТАЛИЗИРАНИТЕ ПАЦИЕНТИ ВО КОВИД-ЦЕНТРИТЕ | 25 |
| УПОТРЕБЕН КИСЛОРОД ЗА ЛЕКУВАЊЕ НА ПАЦИЕНТИТЕ ВО КОВИД-ЦЕНТРИТЕ | 27 |
| ПОТРОШЕНИ МАСКИ ЗА КИСЛОРОДНА ПОДДРШКА ВО КОВИД-ЦЕНТРИТЕ | 29 |
| РАНГИРАЊЕ НА КОВИД-ЦЕНТРИТЕ СПОРЕД ОВОЗМОЖУВАЊЕТО НА ЕДНАКВИ ЗДРАВСТВЕНИ УСЛУГИ НА ПАЦИЕНТИТЕ | 31 |
| ЈАВНИ НАБАВКИ НА ЛЕКОВИТЕ ЕНОКСАПАРИН (КЛЕКСАН) И НАДРОПАРИН (ФРАКСИПАРИН) | 33 |
| ЈАВНИ НАБАВКИ НА МЕДИЦИНСКИ КИСЛОРОД | 44 |
| КОЛИЧИНА НА НАБАВЕН КОМПРИМИРАН КИСЛОРОД | 48 |
| ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ | 55 |

# РЕЗИМЕ


- Истражувањето на еднаквоста на испорачаните здравствени услуги во различните ковид-центри во земјава се спроведе од страна на Центарот за граѓански комуникации во рамките на проектот „Набљудување во ризични области од корупција: здравство и животна средина“, поддржан од Фондацијата Отворено општество – Македонија.
- Постојат големи разлики помеѓу 28-те ковид-центри кои беа предмет на анализата во периодот од 1 октомври 2020 до 31 март 2021 година, како во однос на бројот на ангажираниот медицински персонал, потрошените лекови за третман на хоспитализираните пациенти, дадената кислородна поддршка, потрошените маски така и во однос на бројот на просечни денови на хоспитализација и стапката на смртност на пациенти.
- Само пет ковид-центри овозможиле високо ниво на здравствени услуги според индикаторите на истражувањето во анализираниот период, 21 од центрите овозможиле просечно ниво на здравствени услуги и два овозможиле ниско ниво на здравствени услуги. Индикаторите врз основа на кои се проценуваа ковид-центрите во однос на овозможување на здравствените услуги на хоспитализираните пациенти се следните:

  - денови на хоспитализација,
  - починати пациенти,
  - пациенти што добиле кислородна поддршка,
  - количина на кислород по пациент,
  - пациенти што добиле вентилаторна поддршка,
  - бројност на медицински персонал,
  - бројност на лекари,
  - бројност на медицински сестри,
  - количина на употребени лекови по пациент,
  - употребени маски за кислородна поддршка.

- Ковид-центарот во ЈЗУ Градска општа болница „8-ми септември“ - Скопје е најдобро рангиран ковид-центар што им овозможил највисоко ниво на медицински услуги на хоспитализираните пациенти, додека ЈЗУ Универзитетска клиника за уво, нос и грло - Скопје е најдолу на листата.
- Вкупниот број на пациенти кои биле хоспитализирани во 28-те ковид-центри во државата во шестмесечниот период, кој е предмет на анализа, изнесува 20 005 пациенти или во просек 714,5 по ковид-центар.
- Најголем број хоспитализирани пациенти во анализираниот период имало во ЈЗУ Универзитетска клиника за инфективни болести и фебрилни состојби во Скопје 3 821, а најмалку 58 во ЈЗУ Универзитетска клиника за пластична и реконструктивна хирургија - Скопје.
- Пациентите во ковид-центрите ширум земјата во просек биле хоспитализирани по десет дена. Најдолго биле задржувани во ЈЗУ Општа болница со проширена дејност - Дебар во просек 77 дена, додека најкусо во ЈЗУ Универзитетска клиника за детски болести, 5 дена.
- Во анализираниот период во ковид-центрите ширум државата починале вкупно 3 139 пациенти или во просек 17,4 пациенти дневно.

- Во ковид-центрите во просек починал еден пациент на секои шест хоспитализирани. Највисока стапка на починати имало во ЈЗУ Универзитетска клиника за нефрологија и ЈЗУ Градска општа болница „8-ми Септември“ - Скопје каде што починал секој трет хоспитализиран пациент. Најниска стапка на починати е забележана во ЈЗУ Институт по белодробни заболувања кај децата Козле каде што имало еден починат на секои 31 пациенти.
- 74,5 % од хоспитализираните пациентите добиле кислородна поддршка. Сите хоспитализирани пациенти во ЈЗУ Универзитетска клиника за дерматологија - Скопје, ЈЗУ Општа болница - Струга и ЈЗУ Клиничка болница - Тетово добиле кислородна поддршка, додека најмал процент од пациентите 20,8 % добиле кислородна поддршка во ЈЗУ Општа болница со проширена дејност - Дебар.
- Десет од 28-те ковид-центри им пружале респираторна поддршка на пациентите. Со најмногу респиратори располагала ЈЗУ Универзитетска клиника за очни болести.
- Најмногу 42,2 % од хоспитализираните пациенти во ЈЗУ Клиничка болница - Тетово добиле респираторна поддршка, додека во ЈЗУ Клиничка болница - Штип таа му била овозможена само на еден пациент.
- Просечно во ковид-центрите имало еден член на медицинскиот персонал на секои 6 пациенти, еден лекар на секои 22 пациенти и една медицинска сестра на секои 10 пациенти.
- Во ЈЗУ Универзитетска клиника за детски болести имало по еден член на медицинскиот персонал на секој пациент, додека во ЈЗУ Клиника за инфективни болести и фебрилни состојби - Скопје по еден на секои 38 пациенти.
- Во 26-те ковид-центри што ги доставија податоците за бројот на ангажирани лекари, во анализираниот период биле ангажирани вкупно 822 или во просек 32 лекари по ковид-центар.
- Најмногу лекари, 211, биле ангажирани во ЈЗУ Градска општа болница „8-ми Септември“, додека најмалку, шест лекари во ЈЗУ Општа болница - Кичево.
- На Универзитетската клиника за детски болести на секои 3 пациенти имало на располагање по еден лекар, додека во ЈЗУ Клиника за инфективни болести и фебрилни состојби - Скопје имало по еден лекар на 103 пациенти.
- Во 26-те ковид-центри што ги доставија податоците за бројот на ангажирани медицински сестри, во анализираниот период биле ангажирани вкупно 1 698 или во просек 65 медицински сестри по ковид-центар.
- Најмногу медицински сестри имало ангажирано во ЈЗУ Градска општа болница „8-ми Септември“ - Скопје, 380, додека најмалку во ЈЗУ Општа болница со проширена дејност - Дебар и ЈЗУ Клиничка болница - Тетово 11.
- На Универзитетската клиника за детски болести имало по 2 медицински сестри на секои 3 пациенти, додека во ЈЗУ Клиничка болница - Тетово имало една медицинска сестра на секои 64 пациенти.
- Во однос на анализата на лековите што биле користени за лекување на пациентите во предвид беа земени Еноксапарин (Клексан) и Надропаринот (Фраксипарин), кои по консултација со стручни лица се посочени како најкористени во третманот против Ковид-19 и се најсоодветни за споредба.
- Во просек во процесот на лекување 1 пациент добивал по 17 ампули и 174 килограми кислород.
- Најмногу лекови по пациент се употребени во ЈЗУ Градска општа болница „8-ми Септември“ - Скопје по 56 ампули, додека најмалку во ЈЗУ Општа болница со проширена дејност - Прилеп по една ампула.
- Најголема количина кислород за лекување по пациент е забележана во ЈЗУ Универзитетска клиника за трауматологија, ортопедски болести, анестезија, реанимација, интензивно лекување и ургентен центар - Скопје 1 428 килограми, додека најмала во ЈЗУ Општа болница - Струмица 5.

- Вкупно за набавка на лековите Еноксапарин (Клексан) и Надропарин (Фраксипарин) ковид-центрите потрошиле 135.846.597 денари со ДДВ или 2.208.888 евра.
- 94,8 % од набавките на лекови се спроведени со користење отворени постапки, додека останатите 5,2 % преку постапката со преговарање без претходно објавување оглас. Сепак, транспарентноста не се рефлектирала соодветно на конкуренцијата и на цените.
- Најмногу средства за набавка на лекот Еноксапарин (Клексан) има потрошено ЈЗУ Универзитетска клиника за инфективни болести и фебрилни состојби - Скопје кои набавиле 20 000 пакувања од 0,2 мл и 63 800 пакувања од 0,4 мл за 15.447.138 денари. Најмалку, пак, има потрошено ЈЗУ Универзитетска клиника за уво, нос и грло - Скопје 15.853 денари со ДДВ за кои набавиле по 50 пакувања од 0,2 и 0,4 мл.
- Најмногу средства за набавка на лекот Надропарин (Фраксипарин) потрошила ЈЗУ Клиничка болница - Штип 9.309.530 денари со ДДВ за кои набавила 20 500 пакувања од 0,3 мл, 36.000 од 0,4 мл и 5 500 пакувања од 0,6 мл. Најмалку средства за набавка на Надропарин (Фраксипарин) има потрошено ЈЗУ Универзитетска клиника за нефрологија 96.030 денари со ДДВ за кои набавила 200 пакувања од 0,3 мл и 800 од 0,4 мл.
- Лекот Еноксапарин (Клексан) сите ковид-центри го набавувале по иста единечна цена и тоа 109.2 денари со ДДВ за пакувања од 0,2 мл и 207,9 денари со ДДВ за пакувања 0,4 мл.
- Сите ковид-центри го набавиле лекот Еноксапарин (Клексан) од фирмата Друштво за внатрешна и надворешна трговија, застапување и услуги МЕДЕКС ФАРМ ДООЕЛ Скопје во вкупна вредност од 67.509.795 денари со ДДВ или 1.097.720 евра.
- Забележани се значајни разлики и до 84 % во единечната цена на лекот Надропарин (Фраксипарин). Цените се движат од 74,2 до 137,1 денар со ДДВ за пакувања од 0,3 мл, од 101,5 до 175,6 денари со ДДВ за пакувања од 0,4 мл и од 150,9 до 222,9 денари со ДДВ за пакувања од 0,6 мл. Разликите во цените не можат да се оправдаат ниту со периодот на набавка, ниту со набавената количина.
- 98 % од вредноста на набавките на лекот Надорпарин (Фраксипарин) се од фирмата Друштво за трговија, производство и услуги ФЕНИКС ФАРМА ДООЕЛ Скопје во вкупен износ од 66.959.111 денари со ДДВ или 1.088.766 евра, додека останатите 2 % од вредноста со Друштво за промет МАКЕДОНИЈАЛЕК ДОО Скопје во износ од 1.377.691 денари со ДДВ или 22.401 евра.
- Ковид-центрите во рамките на клиничкиот центар во Скопје набавувале кислород, и тоа течен и компримиран, преку ЈУ од областа на здравството за потребите на јавните здравствени установи, универзитетски клиники, завод и ургентен центар - Скопје, додека останатите набавувале самостојно.
- Вкупно за набавка на медицински кислород во анализираниот период од 1 март 2020 до 31 март 2021 ковид-центрите потрошиле 136.290.500 денари со ДДВ или 2.216.105 евра.
- За набавка на медицински кислород најмногу има потрошено Јавна установа од областа на здравството за потребите на јавните здравствени установи универзитетски клиники, завод и ургентен центар - Скопје 38.525.430 денари со ДДВ или 626.430 евра.
- Постојат значителни разлики во единечните цени по кои ковид-центрите го набавувале медицинскиот кислород за третман на пациентите. Разликите достигнуваат и до 700 % во единечните цени на течниот кислород и речиси 250 % во оние на компримираниот кислород.
- Целокупното количество на медицински кислород ковид-центрите го набавиле од вкупно четири фирми. Најголем дел од договорите, односно 59 % биле склучени со Друштво за производство на индустриски гасови ТГС ТЕХНИЧКИ ГАСОВИ ДОО Скопје во вредност од 79.700.054 денари со ДДВ или 1.295.935 евра.

# ЦЕЛИ И МЕТОДОЛОГИЈА

Истражувањето за еднаквоста на испорачаните здравствени услуги во различните ковид-центри во земјава се спроведе од страна на Центарот за граѓански комуникации во рамките на проектот „Набљудување во ризични области од корупција: здравство и животна средина“, поддржан од Фондацијата Отворено општество - Македонија.

По прогласувањето на пандемијата на коронавирусот од страна на Светската здравствена организација во март 2020 година, во Република Северна Македонија беше прогласена вонредна состојба[1].

Со прогресијата и ширењето на вирусот, а со цел хоспитализација на заразените пациенти и овозможување соодветен медицински третман, ширум државата беа формирани т.н. „ковид-центри“. Бројот на ковид-центрите и градовите во кои беа формирани растеше со бројот на пациентите на кои им беше неопходна хоспитализација.

Истовремено со ширењето на вирусот и сè поголемиот број на заразени, се наметна потребата од итни набавки на стоки, услуги и работи во здравството. Со оглед на итноста во обезбедувањето на потребните лекови и средства за заштита, јавните набавки во услови на пандемијата се спроведуваа по скратени и забрзани процедури, со директно преговарање со фирмите, без претходно објавување оглас. Спроведувањето на јавните набавки во услови на пандемија ја намали транспарентноста со што се зголемија ризиците од коруптивни дејства.

Целта на истражувањето беше да се испита дали на 1 пациент во различните ковид-центри во земјата му бил овозможен еднаков медицински третман, во смисла на клучни лекови и опрема.
Понатаму, целта на истражувањето е наодите да се искористат како појдовна основа за да се извлечат препораки за промена на праксата и креирање политики и стратешки документи при евентуални идни слични кризи.

Предмет на истражувањето беа 28 ковид-центри воспоставени во универзитетските клиники, општите болници, институтите и клиничките болници низ државата. Податоците кои беа побарани од нив се однесуваат на шестмесечен период, и тоа почнувајќи од 1 октомври 2020 година заклучно со 31 март 2021 година од причина што во овој период беа евидентирани најмногу заболени што воедно значеше и најголем ангажман на капацитетите.

Што се однесува до анализираните постапки за јавни набавки на ковид-центрите, беа земени предвид постапките за набавка на лековите Еноксапарин (Клексан) и Надропарин (Фраксипарин)

---

[1] Службен весник на Република Северна Македонија бр. 68 од 18.3.2020 година

и кислород кои, според сознанијата, се трошеле во секој ковид-центар и кои се најсоодветни за споредба и се спровеле во периодот од почетокот на пандемијата во март 2020 заклучно со 31 март 2021 година. Исто така беа земени предвид видот на постапките за јавните набавки, конкуренцијата и постигнатите цени.

Податоците за спроведувањето на истражувањето беа обезбедени преку барања за пристап до информации од јавен карактер кои им беа испратени на ковид-центрите и преку прибирање податоци од Електронскиот систем за јавни набавки.

Предмет на истражувањето беа следните ковид-центри:

| | КОВИД-ЦЕНТАР | ГРАД |
|---|---|---|
| 1 | ЈЗУ Универзитетска клиника за уво, нос и грло | Скопје |
| 2 | ЈЗУ Универзитетска клиника за гастроентерохепатологија | Скопје |
| 3 | ЈЗУ Универзитетска клиника за дерматологија | Скопје |
| 4 | ЈЗУ Универзитетска клиника за инфективни болести и фебрилни состојби | Скопје |
| 5 | ЈЗУ Универзитетска клиника за неврологија | Скопје |
| 6 | ЈЗУ Универзитетска клиника за нефрологија | Скопје |
| 7 | ЈЗУ Универзитетска клиника за очни болести | Скопје |
| 8 | ЈЗУ Универзитетска клиника за детски болести | Скопје |
| 9 | ЈЗУ Универзитетска клиника за трауматологија, ортопедски болести, анестезија, реанимација, интензивно лекување и ургентен центар | Скопје |
| 10 | ЈЗУ Клиника за пластична и реконструктивна хирургија - Скопје | Скопје |
| 11 | ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза | Скопје |
| 12 | ЈЗУ Институт за белодробни заболувања кај децата Козле | Скопје |
| 13 | ЈЗУ Градска општа болница „8 Септември“ - Скопје | Скопје |
| 14 | ЈЗУ Општа болница - Велес | Велес |
| 15 | ЈЗУ Општа болница со проширена дејност - Гевгелија | Гевгелија |
| 16 | ЈЗУ Општа болница со проширена дејност - Дебар | Дебар |
| 17 | ЈЗУ Општа болница со проширена дејност - Кавадарци | Кавадарци |
| 18 | ЈЗУ Општа болница - Кичево | Кичево |
| 19 | ЈЗУ Општа болница со проширена дејност - Кочани | Кочани |
| 20 | ЈЗУ Општа болница - Куманово | Куманово |
| 21 | ЈЗУ Општа болница - Прилеп | Прилеп |
| 22 | ЈЗУ Општа болница - Струмица | Струмица |
| 23 | ЈЗУ Општа болница - Охрид | Охрид |
| 24 | ЈЗУ Општа болница „Д-р Ферид Мурад“ - Гостивар | Гостивар |
| 25 | ЈЗУ Општа болница - Струга | Струга |
| 26 | ЈЗУ Клиничка болница - Тетово | Тетово |
| 27 | ЈЗУ Клиничка болница - Штип | Штип |
| 28 | ЈЗУ Клиничка болница - Битола | Битола |

- Сите, освен ковид-центрите во ЈЗУ Универзитетска клиника за дерматологија и ЈЗУ Клиника за пластична и реконструктивна хирургија - Скопје, функционирале во текот на целиот шестмесечен период кој е предмет на анализа. Ковид-центарот во ЈЗУ Универзитетска клиника за дерматологија започнал да функционира на 8.11.2020, додека, пак, оној во ЈЗУ Клиника за пластична и реконструктивна хирургија Скопје на 19.3.2021. Согласно со тоа, податоците што се добиени од овие два ковид-центри се однесуваат на нивната работа од денот на започнување на нивното функционирање до 31.3.2021.
  До 28-те ковид-центри низ државата на 19.7.2021 беа испратени барања за пристап до информации од јавен карактер со кои беа побарани следните податоци:

  - Број на хоспитализирани пациенти со Ковид 19;
  - Вкупен број на болнички денови на пациентите со Ковид 19;
  - Број на починати пациенти од Ковид 19;
  - Број на пациенти на кислородна поддршка;
  - Број на пациенти на вентилаторна (респираторна) поддршка;
  - Број на ангажиран медицински персонал (поединечно: лекари, со податок за нивната специјалност, медицински сестри и болничари) за пациентите со Ковид 19;
  - Потрошена количина на лекот Enoxaparin (Клексан) за пациентите со Ковид 19;
  - Потрошена количина на кислород за пациентите со Ковид 19
  - Број на потрошени маски за кислородна поддршка за пациентите со Ковид 19;
  - Број на користени апарати за вентилаторна поддршка (респиратори)

Во процесот на прибирање на податоците од ковид-центрите беа поднесени 15 жалби до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер од причина што дел од имателите на информации не доставија одговор во законски предвидениот рок или, пак, нивните одговори не ги содржеа сите барани податоци.

Рангирањето на ковид-центрите е направено врз основа на десет индикатори за мерење на квалитетот на пружениот медицински третман избрани по примерот на слични вакви истражувања во светот и расположливоста на податоците во земјава.

Со методолошкиот пристап на пресметка анулирано е влијанието на нееднаквата достапност на податоците врз вкупното рангирање. Ковид-центрите најпрвин се рангирани според секој индикатор поединечно и потоа врз основа на рангирањето се бодувани со што е дојдено до конечното рангирање.

# БРОЈ НА ХОСПИТАЛИЗИРАНИ ПАЦИЕНТИ ВО КОВИД-ЦЕНТРИТЕ

Вкупниот број на пациенти кои биле хоспитализирани во 28-те ковид-центри во државата во периодот од 1.10.2020 до 31.3.2021 изнесува 20 005 или во просек 714,5 пациенти по еден ковид-центар.

Најголем број на хоспитализирани пациенти во анализираниот период имало во ЈЗУ Универзитетска клиника за инфективни болести и фебрилни состојби во Скопје 3 821. На второто место е ЈЗУ Општа болница со проширена дејност - Прилеп со 2 110 пациенти пред ЈЗУ Општа болница - Охрид со 1 448 пациенти.

Најмал број на пациенти во анализираниот период биле хоспитализирани во ЈЗУ Универзитетска клиника за пластична и реконструктивна хирургија - Скопје 58 и во ЈЗУ Универзитетска клиника за детски болести - Скопје 60.

Што се однесува до просечниот број на денови, пациентите во ковид-центрите ширум земјата поминувале просечно по 10 дена. Пациентите најдолг третман добивале во ЈЗУ Општа болница со проширена дејност - Дебар 77,6 дена, пред ЈЗУ Општа болница - Куманово каде што се задржувале по 15,6 дена и ЈЗУ Општа болница - Кичево со 14 дена во просек.

Најкусо, пак, помеѓу 5 и 6 дена пациентите добивале третман во ЈЗУ Универзитетска клиника за детски болести - Скопје, ЈЗУ Универзитетска клиника за инфективни болести и фебрилни состојби - Скопје, ЈЗУ Општа болница - Струга и ЈЗУ Универзитетска клиника за уво, нос и грло.

**ВКУПЕН БРОЈ НА ХОСПИТАЛИЗИРАНИ ПАЦИЕНТИ, ВКУПЕН БРОЈ НА БОЛНИЧКИ ДЕНОВИ И ПРОСЕЧЕН БРОЈ НА БОЛНИЧКИ ДЕНОВИ ПО ПАЦИЕНТ ВО ПЕРИОДОТ 1.10.2020 – 31.3.2021**

| КОВИД-ЦЕНТАР | ВКУПЕН БРОЈ НА ХОСПИТАЛИЗИРАНИ ПАЦИЕНТИ | ВКУПЕН БРОЈ НА БОЛНИЧКИ ДЕНОВИ НА ПАЦИЕНТИТЕ | ПРОСЕЧЕН БРОЈ ДЕНОВИ НА ХОСПИТАЛИЗАЦИЈА НА ЕДЕН ПАЦИЕНТ |
|---|---|---|---|
| ЈЗУ Општа болница со проширена дејност – Дебар | 260 | 20 181 | 77,6 |
| ЈЗУ Општа болница – Куманово | 1 001 | 15 593 | 15,6 |
| ЈЗУ Општа болница – Кичево | 289 | 4 046 | 14,0 |
| ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза -Скопје | 432 | 5 365 | 12,4 |

| КОВИД-ЦЕНТАР | ВКУПЕН БРОЈ НА ХОСПИТАЛИЗИРАНИ ПАЦИЕНТИ | ВКУПЕН БРОЈ НА БОЛНИЧКИ ДЕНОВИ НА ПАЦИЕНТИТЕ | ПРОСЕЧЕН БРОЈ ДЕНОВИ НА ХОСПИТАЛИЗАЦИЈА НА ЕДЕН ПАЦИЕНТ |
|---|---|---|---|
| ЈЗУ Општа болница - Охрид | 1 448 | 17 436 | 12,0 |
| ЈЗУ Општа болница со проширена дејност - Кочани | 209 | 2 508 | 12,0 |
| ЈЗУ Градска општа болница „8-ми Септември“ - Скопје | 1 338 | 14 817 | 11,1 |
| ЈЗУ Институт по белодробни заболувања кај децата Козле - Скопје | 337 | 3 725 | 11,1 |
| ЈЗУ Општа болница - Велес | 663 | 7 315 | 11,0 |
| ЈЗУ Општа болница „Д-р Ферид Мурад“ - Гостивар | 540 | 5 527 | 10,2 |
| Просек | | | 10,1 |
| ЈЗУ Универзитетска клиника за неврологија | 384 | 3 683 | 9,6 |
| ЈЗУ Универзитетска клиника за дерматологија - Скопје | 405 | 3 757 | 9,3 |
| ЈЗУ Клиничка болница - Штип | 1 056 | 9 696 | 9,2 |
| ЈЗУ Општа болница со проширена дејност - Кавадарци | 654 | 5 977 | 9,1 |
| ЈЗУ Општа болница - Струмица | 1 061 | 9 664 | 9,1 |
| ЈЗУ Универзитетска клиника за нефрологија | 304 | 2 736 | 9,0 |
| ЈЗУ Клиничка болница - Битола | 988 | 8 533 | 8,6 |
| ЈЗУ Клиничка болница - Тетово | 702 | 5 748 | 8,2 |
| ЈЗУ Универзитетска клиника за гастроентерохепатологија - Скопје | 182 | 1 438 | 7,9 |
| ЈЗУ Општа болница со проширена дејност - Гевгелија | 474 | 3 450 | 7,3 |
| ЈЗУ Универзитетска клиника за пластична и реконструктивна хирургија - Скопје | 58 | 378 | 6,5 |
| ЈЗУ Универзитетска клиника за уво, нос и грло - Скопје | 330 | 1 927 | 5,8 |
| ЈЗУ Општа болница - Струга | 613 | 3 406 | 5,6 |
| ЈЗУ Клиника за инфективни болести и фебрилни состојби - Скопје | 3 821 | 20 493 | 5,4 |
| ЈЗУ Универзитетска клиника за детски болести - Скопје | 60 | 320 | 5,3 |
| ЈЗУ Универзитетска клиника за очни болести - Скопје | 126 | Нема податок | / |
| ЈЗУ Општа болница со проширена дејност - Прилеп | 2 110 | Нема податок | / |
| ЈЗУ Универзитетска клиника за трауматологија, ортопедски болести, анестезија, реанимација, интензивно лекување и ургентен центар - Скопје | 160 | Нема податок | / |

# БРОЈ НА ПОЧИНАТИ ПАЦИЕНТИ ВО КОВИД-ЦЕНТРИТЕ

Во анализираниот период во ковид-центрите ширум државата, починале вкупно 3 139 пациенти или во просек по 17,4 пациенти дневно.

Најмногу пациенти починале во ЈЗУ Универзитетска Клиника за инфективни болести и фебрилни состојби - Скопје 473, во ЈЗУ Градска општа болница „8-ми Септември" - Скозпје починале 457 пациенти, додека во ЈЗУ Општа болница со проширена дејност - Прилеп -199.

Ниту еден пациент во анализираниот период не починал во ЈЗУ Универзитетска клиника за детски болести - Скопје, додека тројца починале во ЈЗУ Клиника за пластична и реконструктивна хирургија - Скопје, со напомена дека овој центар функционирал само 13 дена во анализираниот период. Со едноцифрен број на починати е и ЈЗУ Универзитетска клиника за очни болести - Скопје - 5.

Што се однесува на соодносот помеѓу хоспитализираните и починатите пациенти, во ковид-центрите починал 1 пациент на секои шест хоспитализирани.

Највисока стапка на починати е забележана на ЈЗУ Универзитетска клиника за нефрологија и во ЈЗУ Градска општа болница „8 Септември" - Скопје каде што починал секој трет хоспитализиран пациент.

Најмалку пациенти во однос на хоспитализираните починале во ЈЗУ Институт по белодробни заболувања кај децата Козле - Скопје, еден на секои 31 и во ЈЗУ Универзитетската клиника за очни болести - Скопје каде што починал 1 пациент на секои 25 хоспитализирани.

**ВКУПЕН БРОЈ НА ПОЧИНАТИ ПАЦИЕНТИ И ОДНОС ПОМЕЃУ ХОСПИТАЛИЗИРАНИ И ПОЧИНАТИ ПАЦИЕНТИ ВО ПЕРИОДОТ 1.10.2020 – 31.3.2021**

| КОВИД-ЦЕНТАР | ВКУПЕН БРОЈ НА ХОСПИТАЛИЗИРАНИ ПАЦИЕНТИ | ВКУПЕН БРОЈ НА ПОЧИНАТИ ПАЦИЕНТИ | ОДНОС ПОМЕЃУ ХОСПИТАЛИЗИРАНИ И ПОЧИНАТИ ПАЦИЕНТИ |
|---|---|---|---|
| ЈЗУ Универзитетска клиника за нефрологија | 304 | 104 | 2,9 |
| ЈЗУ Градска општа болница „8-ми Септември" – Скопје | 1 338 | 457 | 2,9 |
| ЈЗУ Универзитетска клиника за неврологија | 384 | 110 | 3,5 |
| ЈЗУ Универзитетска клиника за уво, нос и грло – Скопје | 330 | 90 | 3,7 |

| КОВИД-ЦЕНТАР | ВКУПЕН БРОЈ НА ХОСПИТАЛИЗИРАНИ ПАЦИЕНТИ | ВКУПЕН БРОЈ НА ПОЧИНАТИ ПАЦИЕНТИ | ОДНОС ПОМЕЃУ ХОСПИТАЛИЗИРАНИ И ПОЧИНАТИ ПАЦИЕНТИ |
|---|---|---|---|
| ЈЗУ Универзитетска клиника за трауматологија, ортопедски болести, анестезија, реанимација, интензивно лекување и ургентен центар - Скопје | 160 | 42 | 3,8 |
| ЈЗУ Клиничка болница - Тетово | 702 | 164 | 4,3 |
| ЈЗУ Општа болница - Кичево | 289 | 64 | 4,5 |
| ЈЗУ Општа болница „Д-р Ферид Мурад“ - Гостивар | 540 | 108 | 5 |
| ЈЗУ Универзитетска клиника за дерматологија - Скопје | 405 | 78 | 5,2 |
| ЈЗУ Општа болница - Куманово | 1 001 | 184 | 5,4 |
| ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза - Скопје | 432 | 76 | 5,7 |
| ЈЗУ Клиничка болница - Битола | 988 | 169 | 5,9 |
| ЈЗУ Клиничка болница - Штип | 1 056 | 173 | 6,1 |
| Просек | | | 6,4 |
| ЈЗУ Општа болница - Велес | 663 | 104 | 6,4 |
| ЈЗУ Општа болница со проширена дејност - Кавадарци | 654 | 97 | 6,7 |
| ЈЗУ Општа болница - Струга | 613 | 80 | 7,7 |
| ЈЗУ Универзитетска клиника за гастроентерохепатологија - Скопје | 182 | 23 | 7,9 |
| ЈЗУ Клиника за инфективни болести и фебрилни состојби - Скопје | 3.821 | 473 | 8,1 |
| ЈЗУ Општа болница со проширена дејност - Кочани | 209 | 23 | 9,1 |
| ЈЗУ Општа болница - Струмица | 1 061 | 103 | 10,3 |
| ЈЗУ Општа болница - Охрид | 1 448 | 140 | 10,3 |
| ЈЗУ Општа болница со проширена дејност - Прилеп | 2 110 | 199 | 10,6 |
| ЈЗУ Општа болница со проширена дејност - Гевгелија | 474 | 40 | 11,9 |
| ЈЗУ Општа болница со проширена дејност - Дебар | 260 | 19 | 13,7 |
| ЈЗУ Универзитетска клиника за пластична и реконструктивна хирургија - Скопје | 58 | 3 | 19,3 |
| ЈЗУ Универзитетска клиника за очни болести - Скопје | 126 | 5 | 25,2 |
| ЈЗУ Институт по белодробни заболувања кај децата Козле - Скопје | 337 | 11 | 30,6 |
| ЈЗУ Универзитетска клиника за детски болести - Скопје | 60 | 0 | 0 |

# БРОЈ НА ПАЦИЕНТИ ШТО ДОБИЛЕ КИСЛОРОДНА ПОДДРШКА ВО КОВИД-ЦЕНТРИТЕ

Од 20 005 хоспитализирани пациенти во ковид-центрите ширум државата во анализираниот период, 14 894 или 74,5 % од нив добиле кислородна поддршка.

Според добиените податоци од ковид-центрите на ЈЗУ Универзитетска клиника за дерматологија - Скопје, во ЈЗУ Општа болница - Струга и ЈЗУ Клиничка болница - Тетово сите хоспитализирани пациенти добиле кислородна поддршка.

Најмал процент од хоспитализираните пациенти што добиле кислородна поддршка биле во ЈЗУ Универзитетска клиника за детски болести - Скопје – 15 % и во ЈЗУ Општа болница со проширена дејност - Дебар – 20,8 %.

**ПРОЦЕНТ НА ХОСПИТАЛИЗИРАНИ ПАЦИЕНТИ ШТО ДОБИЛЕ КИСЛОРОДНА ПОДДРШКА ВО ПЕРИОДОТ 1.10.2020 - 31.3.2021**

| КОВИД-ЦЕНТАР | ВКУПЕН БРОЈ НА ХОСПИТАЛИЗИРАНИ ПАЦИЕНТИ | ВКУПЕН БРОЈ НА ПАЦИЕНТИ ШТО ДОБИЛЕ КИСЛОРОДНА ПОДДРШКА | ПРОЦЕНТ НА ХОСПИТАЛИЗИРАНИ ПАЦИЕНТИ ШТО ДОБИЛЕ КИСЛОРОДНА ПОДДРШКА |
|---|---|---|---|
| ЈЗУ Универзитетска клиника за дерматологија - Скопје | 405 | 405 | 100 |
| ЈЗУ Општа болница - Струга | 613 | 613 | 100 |
| ЈЗУ Клиничка болница - Тетово | 702 | 702 | 100 |
| ЈЗУ Општа болница со проширена дејност - Кавадарци | 654 | 637 | 97,4 |
| ЈЗУ Општа болница - Куманово | 1 001 | 959 | 95,8 |
| ЈЗУ Универзитетска клиника за очни болести - Скопје | 126 | 120 | 95,2 |
| ЈЗУ Универзитетска клиника за неврологија | 384 | 362 | 94,3 |
| ЈЗУ Универзитетска клиника за гастроентерохепатологија – Скопје | 182 | 170 | 93,4 |
| ЈЗУ Општа болница со проширена дејност - Кочани | 209 | 190 | 90,9 |
| ЈЗУ Општа болница - Велес | 663 | 597 | 90,0 |
| ЈЗУ Општа болница со проширена дејност - Гевгелија | 474 | 426 | 89,9 |

| КОВИД-ЦЕНТАР | ВКУПЕН БРОЈ НА ХОСПИТАЛИЗИРАНИ ПАЦИЕНТИ | ВКУПЕН БРОЈ НА ПАЦИЕНТИ ШТО ДОБИЛЕ КИСЛОРОДНА ПОДДРШКА | ПРОЦЕНТ НА ХОСПИТАЛИЗИРАНИ ПАЦИЕНТИ ШТО ДОБИЛЕ КИСЛОРОДНА ПОДДРШКА |
|---|---|---|---|
| ЈЗУ Универзитетска клиника за пластична и реконструктивна хирургија - Скопје | 58 | 52 | 89,7 |
| ЈЗУ Градска општа болница „8-ми Септември“ - Скопје | 1 338 | 1 190 | 88,9 |
| ЈЗУ Општа болница со проширена дејност - Прилеп | 2 110 | 1 867 | 88,5 |
| ЈЗУ Клиничка болница - Битола | 988 | 871 | 88,2 |
| ЈЗУ Универзитетска клиника за уво, нос и грло - Скопје | 330 | 290 | 87,9 |
| ЈЗУ Клиничка болница - Штип | 1 056 | 926 | 87,7 |
| ЈЗУ Општа болница - Охрид | 1 448 | 1 200 | 82,9 |
| ЈЗУ Универзитетска клиника за нефрологија | 304 | 250 | 82,2 |
| ЈЗУ Институт по белодробни заболувања кај децата Козле - Скопје | 337 | 270 | 80,1 |
| ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза - Скопје | 432 | 346 | 80,1 |
| Просек | | | 74,5 |
| ЈЗУ Општа болница - Кичево | 289 | 200 | 69,2 |
| ЈЗУ Универзитетска клиника за трауматологија, ортопедски болести, анестезија, реанимација, интензивно лекување и ургентен центар - Скопје | 160 | 109 | 68,1 |
| ЈЗУ Општа болница Струмица | 1 061 | 482 | 45,4 |
| ЈЗУ Клиника за инфективни болести и фебрилни состојби - Скопје | 3 821 | 1 412 | 37,0 |
| ЈЗУ Општа болница „Д-р Ферид Мурад“ - Гостивар | 540 | 185 | 34,3 |
| ЈЗУ Општа болница со проширена дејност - Дебар | 260 | 54 | 20,8 |
| ЈЗУ Универзитетска клиника за детски болести - Скопје | 60 | 9 | 15 |

# БРОЈ НА ПАЦИЕНТИ НА РЕСПИРАТОРНА ПОДДРШКА ВО КОВИД-ЦЕНТРИТЕ

Во случаите кога здравствената состојба на пациентите е влошена со намалена сатурација, односно намалено ниво на оксигенација во крвта ним им е потребна респираторна поддршка. Овие пациенти не се во состојба самостојно да дишат и поради тоа им е неопходна поддршка од респираторна машина.

Во десет од ковид-центрите на пациентите им била пружена респираторна поддршка.
Најмногу респиратори - 50, имало во ковид-центарот на ЈЗУ Универзитетска клиника за очни болести - Скопје, но оттаму не е добиен податокот за бројот на пациенти што добиле респираторна поддршка.

Од ЈЗУ Општа болница - Охрид добиен е одговор дека центарот располагал со четири респираторни машини кои не биле користени, а пациентите на кои им била потребна респираторна поддршка биле испраќани во ЈЗУ Универзитетска Клиника за инфективни болести и фебрилни состојби во Скопје.

**БРОЈ НА КОРИСТЕНИ АПАРАТИ ЗА РЕСПИРАТОРНА ПОДДРШКА (РЕСПИРАТОРИ) ВО ПЕРИОДОТ 1.10.2020 – 31.3.2021**

| КОВИД-ЦЕНТАР | БРОЈ НА КОРИСТЕНИ АПАРАТИ ЗА РЕСПИРАТОРНА ПОДДРШКА (РЕСПИРАТОРИ) |
|---|---|
| ЈЗУ Универзитетска клиника за очни болести - Скопје | 50 |
| ЈЗУ Универзитетска Клиника за инфективни болести и фебрилни состојби - Скопје | 42 |
| ЈЗУ Универзитетска клиника за трауматологија, ортопедски болести, анестезија, реанимација, интензивно лекување и ургентен центар - Скопје | 16 |
| ЈЗУ Градска општа болница „8-ми Септември“ - Скопје | 15 |
| ЈЗУ Општа болница со проширена дејност - Прилеп | 13 |
| ЈЗУ Клиника за пластична и реконструктивна хирургија - Скопје | 10 |
| ЈЗУ Општа болница - Охрид | 4 |
| ЈЗУ Општа болница - Струмица | 3 |
| ЈЗУ Клиничка болница - Тетово | 3 |
| ЈЗУ Општа болница со проширена дејност - Кавадарци | 1 |
| ЈЗУ Клиничка болница - Штип | 1 |

Вкупниот број на пациенти што во анализираниот период добиле респираторна поддршка е 935 или 4,7 % со напомена дека овој податок не е доставен од ЈЗУ Универзитетска клиника за очни болести - Скопје. Вкупниот број на респираторни машини што биле користени изнесува 158.

Најголем процент на хоспитализирани пациенти што добиле респираторна поддршка бил во ЈЗУ Клиничка болница - Тетово, 42,2 %, додека најмал во ЈЗУ Клиничка болница - Штип каде што само еден од 1 056 хоспитализирани пациенти добил респираторна поддршка или 0,1 %.

**ПРОЦЕНТ НА ХОСПИТАЛИЗИРАНИ ПАЦИЕНТИ ШТО ДОБИЛЕ РЕСПИРАТОРНА ПОДДРШКА ВО ПЕРИОДОТ 1.10.2020 – 31.3.2021**

| КОВИД-ЦЕНТАР | ВКУПЕН БРОЈ НА ХОСПИТАЛИЗИРАНИ ПАЦИЕНТИ | ВКУПЕН БРОЈ НА ПАЦИЕНТИ НА РЕСПИРАТОРНА ПОДДРШКА | ПРОЦЕНТ ОД ПАЦИЕНТИТЕ ШТО ДОБИЛЕ РЕСПИРАТОРНА ПОДДРШКА |
|---|---|---|---|
| ЈЗУ Клиничка болница - Тетово | 702 | 296 | 42,2 |
| ЈЗУ Универзитетска клиника за трауматологија, ортопедски болести, анестезија, реанимација, интензивно лекување и ургентен центар - Скопје | 160 | 58 | 36,5 |
| ЈЗУ Градска општа болница „8-ми Септември“ - Скопје | 1 338 | 260 | 19,4 |
| Просек | | | 12,1 |
| ЈЗУ Универзитетска клиника за пластична и реконструктивна хирургија - Скопје | 58 | 6 | 10,3 |
| ЈЗУ Клиника за инфективни болести и фебрилни состојби - Скопје | 3 821 | 259 | 6,8 |
| ЈЗУ Општа болница - Струмица | 1 061 | 30 | 2,8 |
| ЈЗУ Универзитетска клиника за неврологија | 384 | 8 | 2,1 |
| ЈЗУ Општа болница со проширена дејност - Прилеп | 2 110 | 13 | 0,6 |
| ЈЗУ Општа болница со проширена дејност - Кавадарци | 654 | 4 | 0,6 |
| ЈЗУ Клиничка болница - Штип | 1 056 | 1 | 0,1 |

# БРОЈ НА АНГАЖИРАН МЕДИЦИНСКИ ПЕРСОНАЛ ВО КОВИД-ЦЕНТРИТЕ

Од ковид-центрите беа побарани податоци за вкупниот број на медицинскиот персонал што бил ангажиран за пружање здравствен третман на хоспитализираните пациенти со поединечни податоци за бројот на ангажираните лекари, медицински сестри и болничари.

Вкупно во 28-те ковид-центри во рамките на анализираниот период, биле ангажирани 3 269 лекари, медицински сестри и болничари или во просек по 117 по ковид-центар.

Според податоците, во ковид-центрите ширум државата имало еден член од медицинскиот персонал на секои 6 пациенти.

Ангажираниот медицински персонал бил најброен во ЈЗУ Градска општа болница „8-ми Септември" - Скопје каде што биле ангажирани вкупно 672 лица, додека најмалку во ЈЗУ Општа болница - Кичево – 19.

Во однос на пациентите, во ЈЗУ Универзитетска клиника за детски болести - Скопје биле ангажирани 62 лица на вкупно хоспитализирани 60 пациенти или на секој пациент имало по еден член на медицинскиот персонал. Во просек помалку од 2 пациенти имале на располагање еден член на медицинскиот персонал уште во ЈЗУ Клиника за пластична и реконструктивна хирургија - Скопје и ЈЗУ Градска општа болница „8-ми Септември" - Скопје.

Најголем број на пациенти на еден член на медицинскиот персонал имало во ЈЗУ Универзитетска клиника за инфективни болести и фебрилни состојби – 38.

**ВКУПЕН БРОЈ НА АНГАЖИРАН МЕДИЦИНСКИ ПЕРСОНАЛ (ЛЕКАРИ, МЕДИЦИНСКИ СЕСТРИ И БОЛНИЧАРИ) И ОДНОС ПОМЕЃУ ХОСПИТАЛИЗИРАНИТЕ ПАЦИЕНТИ И АНГАЖИРАНИОТ МЕДИЦИНСКИОТ ПЕРСОНАЛ ВО ПЕРИОДОТ 1.10.2020 – 31.3.2021**

| КОВИД-ЦЕНТАР | ВКУПЕН БРОЈ НА ХОСПИТАЛИЗИРАНИ ПАЦИЕНТИ | ВКУПЕН БРОЈ НА АНГАЖИРАН МЕДИЦИНСКИ ПЕРСОНАЛ | БРОЈ НА ПАЦИЕНТИ НА ЕДЕН ЧЛЕН НА МЕДИЦИНСКИ ПЕРСОНАЛ |
|---|---|---|---|
| ЈЗУ Универзитетска клиника за детски болести - Скопје | 60 | 62 | 1 |
| ЈЗУ Универзитетска клиника за пластична и реконструктивна хирургија - Скопје | 58 | 50 | 1,2 |
| ЈЗУ Градска општа болница „8-ми Септември" - Скопје | 1 338 | 672 | 2 |
| ЈЗУ Универзитетска клиника за очни болести - Скопје | 126 | 55 | 2,3 |

| КОВИД-ЦЕНТАР | ВКУПЕН БРОЈ НА ХОСПИТАЛИЗИРАНИ ПАЦИЕНТИ | ВКУПЕН БРОЈ НА АНГАЖИРАН МЕДИЦИНСКИ ПЕРСОНАЛ | БРОЈ НА ПАЦИЕНТИ НА ЕДЕН ЧЛЕН НА МЕДИЦИНСКИ ПЕРСОНАЛ |
|---|---|---|---|
| ЈЗУ Универзитетска клиника за трауматологија, ортопедски болести, анестезија, реанимација, интензивно лекување и ургентен центар - Скопје | 160 | 67 | 2,4 |
| ЈЗУ Институт по белодробни заболувања кај децата Козле - Скопје | 337 | 108 | 3,1 |
| ЈЗУ Клиничка болница - Штип | 1 056 | 301 | 3,5 |
| ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза - Скопје | 432 | 97 | 4,5 |
| ЈЗУ Општа болница - Куманово | 1 001 | 218 | 4,6 |
| ЈЗУ Универзитетска клиника за гастроентерохепатологија - Скопје | 182 | 37 | 4,9 |
| ЈЗУ Универзитетска клиника за нефрологија | 304 | 57 | 5,3 |
| ЈЗУ Општа болница - Велес | 663 | 117 | 5,7 |
| ЈЗУ Општа болница - Охрид | 1 448 | 246 | 5,9 |
| ЈЗУ Универзитетска клиника за неврологија | 384 | 64 | 6 |
| Просек | | | 6,1 |
| ЈЗУ Општа болница со проширена дејност - Прилеп | 2 110 | 340 | 6,2 |
| ЈЗУ Општа болница - Струга | 613 | 95 | 6,5 |
| ЈЗУ Општа болница со проширена дејност - Кавадарци | 654 | 96 | 6,8 |
| ЈЗУ Клиничка болница - Битола | 988 | 136 | 7,3 |
| ЈЗУ Универзитетска клиника за уво, нос и грло - Скопје | 330 | 42 | 7,9 |
| ЈЗУ Општа болница со проширена дејност - Гевгелија | 474 | 55 | 8,6 |
| ЈЗУ Општа болница со проширена дејност - Кочани | 209 | 23 | 9,1 |
| ЈЗУ Општа болница „Д-р Ферид Мурад“ - Гостивар | 540 | 59 | 9,2 |
| ЈЗУ Универзитетска клиника за дерматологија - Скопје | 405 | 39 | 10,4 |
| ЈЗУ Општа болница со проширена дејност - Дебар | 260 | 21 | 12,4 |
| ЈЗУ Општа болница - Кичево | 289 | 19 | 15,2 |
| ЈЗУ Општа болница - Струмица | 1 061 | 68 | 15,6 |
| ЈЗУ Клиничка болница - Тетово | 702 | 24 | 29,3 |
| ЈЗУ Клиника за инфективни болести и фебрилни состојби - Скопје | 3 821 | 101 | 37,8 |

# БРОЈ НА АНГАЖИРАНИ ЛЕКАРИ ВО КОВИД-ЦЕНТРИТЕ

Во 26-те ковид-центри што ги доставија податоците за вкупниот број на лекари во анализираниот период биле ангажирани 822 лекари или во просек по 32 во секој ковид-центар.

Просечно во ковид-центрите имало еден лекар на секои 22 пациенти.

Најголем број на лекари биле ангажирани во ЈЗУ Градска општа болница „8-ми Септември" - Скопје 211, додека најмалку во ЈЗУ Општа болница - Кичево, 6.

ЈЗУ Универзитетска клиника за очни болести и ЈЗУ Општа болница со проширена дејност - Прилеп не доставија податоци за бројот на ангажирани лекари.

Во однос на бројот на пациенти, во ЈЗУ Универзитетска клиника за детски болести - Скопје на располагање бил еден лекар на 3 пациенти пред ЈЗУ Клиника за пластична и реконструктивна хирургија - Скопје каде што еден лекар опслужувал 4 пациенти.

Најмногу пациенти на еден лекар се забележани во ЈЗУ Универзитетска клиника за инфективни болести и фебрилни состојби – 103.

**ВКУПЕН БРОЈ НА ЛЕКАРИ И ОДНОС ПОМЕЃУ БРОЈОТ НА ХОСПИТАЛИЗИРАНИТЕ ПАЦИЕНТИ И БРОЈ НА АНГАЖИРАНИ ЛЕКАРИ ВО ПЕРИОДОТ 1.10.2020 – 31.3.2021**

| КОВИД-ЦЕНТАР | ВКУПЕН БРОЈ НА ХОСПИТАЛИЗИРАНИ ПАЦИЕНТИ | ВКУПЕН БРОЈ НА ЛЕКАРИ | БРОЈ НА ПАЦИЕНТИ НА ЕДЕН ЛЕКАР |
|---|---|---|---|
| ЈЗУ Универзитетска клиника за детски болести - Скопје | 60 | 19 | 3,2 |
| ЈЗУ Универзитетска клиника за пластична и реконструктивна хирургија - Скопје | 58 | 16 | 3,6 |
| ЈЗУ Градска општа болница „8-ми Септември" - Скопје | 1 338 | 211 | 6,3 |
| ЈЗУ Институт по белодробни заболувања кај децата Козле - Скопје | 337 | 39 | 8,6 |
| ЈЗУ Универзитетска клиника за гастроентерохепатологија - Скопје | 182 | 20 | 9,1 |

| КОВИД-ЦЕНТАР | ВКУПЕН БРОЈ НА ХОСПИТАЛИЗИРАНИ ПАЦИЕНТИ | ВКУПЕН БРОЈ НА ЛЕКАРИ | БРОЈ НА ПАЦИЕНТИ НА ЕДЕН ЛЕКАР |
|---|---|---|---|
| ЈЗУ Универзитетска клиника за трауматологија, ортопедски болести, анестезија, реанимација, интензивно лекување и ургентен центар - Скопје | 160 | 16 | 10 |
| ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза - Скопје | 432 | 42 | 10,3 |
| ЈЗУ Општа болница - Куманово | 1 001 | 61 | 16,4 |
| ЈЗУ Универзитетска клиника за неврологија | 384 | 23 | 16,7 |
| ЈЗУ Универзитетска клиника за уво, нос и грло - Скопје | 330 | 16 | 20,6 |
| ЈЗУ Општа болница - Охрид | 1 448 | 70 | 20,7 |
| ЈЗУ Општа болница - Струга | 613 | 29 | 21,1 |
| Просек | | | 22,1 |
| ЈЗУ Универзитетска клиника за дерматологија - Скопје | 405 | 18 | 22,5 |
| ЈЗУ Општа болница со проширена дејност - Кочани | 209 | 9 | 23,2 |
| ЈЗУ Универзитетска клиника за нефрологија | 304 | 13 | 23,4 |
| ЈЗУ Општа болница - Велес | 663 | 26 | 25,5 |
| ЈЗУ Општа болница со проширена дејност - Гевгелија | 474 | 18 | 26,3 |
| ЈЗУ Клиничка болница - Штип | 1 056 | 37 | 28,5 |
| ЈЗУ Општа болница со проширена дејност - Дебар | 260 | 8 | 32,5 |
| ЈЗУ Општа болница со проширена дејност - Кавадарци | 654 | 20 | 32,7 |
| ЈЗУ Општа болница - Струмица | 1 061 | 28 | 37,9 |
| ЈЗУ Општа болница „Д-р Ферид Мурад“ - Гостивар | 540 | 12 | 45 |
| ЈЗУ Општа болница - Кичево | 289 | 6 | 48,2 |
| ЈЗУ Клиничка болница - Тетово | 702 | 12 | 58,5 |
| ЈЗУ Клиничка болница - Битола | 988 | 16 | 61,8 |
| ЈЗУ Клиника за инфективни болести и фебрилни состојби - Скопје | 3 821 | 37 | 103,3 |
| ЈЗУ Универзитетска клиника за очни болести - Скопје | 126 | нема податок | |
| ЈЗУ Општа болница со проширена дејност - Прилеп | 2 110 | нема податок | |

# БРОЈ НА АНГАЖИРАНИ МЕДИЦИНСКИ СЕСТРИ ВО КОВИД-ЦЕНТРИТЕ

Во 26-те ковид-центри што ги доставија податоците по ова прашање, биле ангажирани вкупно 1 698 медицински сестри или во просек по 65 по ковид-центар. Во просек, на секои 10 пациенти на располагање била ставена по една медицинска сестра.

Најголем број на ангажирани медицински сестри имало во ЈЗУ Градска општа болница „8-ми Септември" - Скопје 380, додека најмалку во ЈЗУ Општа болница со проширена дејност - Дебар и ЈЗУ Клиничка болница - Тетово по 11.

Во ЈЗУ Универзитетска клиника за детски болести - Скопје на располагање биле ставени по две медицински сестри на секои 3 пациенти додека во ЈЗУ Клиничка болница - Тетово имало една медицинска сестра на 64 пациенти. Повеќе од 60 пациенти на една медицинска сестра имало и во ЈЗУ Универзитетска клиника за инфективни болести и фебрилни состојби – 63.

**ВКУПЕН БРОЈ НА МЕДИЦИНСКИ СЕСТРИ И ОДНОС ПОМЕЃУ БРОЈОТ НА ХОСПИТАЛИЗИРАНИТЕ ПАЦИЕНТИ И БРОЈ НА АНГАЖИРАНИ МЕДИЦИНСКИ СЕСТРИ ВО ПЕРИОДОТ 1.10.2020 – 31.3.2021**

| КОВИД-ЦЕНТАР | ВКУПЕН БРОЈ НА ХОСПИТАЛИЗИРАНИ ПАЦИЕНТИ | ВКУПЕН БРОЈ НА МЕДИЦИНСКИ СЕСТРИ | БРОЈ НА ПАЦИЕНТИ НА ЕДНА МЕДИЦИНСКА СЕСТРА |
|---|---|---|---|
| ЈЗУ Универзитетска клиника за детски болести - Скопје | 60 | 43 | 1,4 |
| ЈЗУ Универзитетска клиника за пластична и реконструктивна хирургија - Скопје | 58 | 20 | 2,9 |
| ЈЗУ Градска општа болница „8-ми Септември" - Скопје | 1 338 | 380 | 3,5 |
| ЈЗУ Клиничка болница - Штип | 1 056 | 256 | 4,1 |
| ЈЗУ Универзитетска клиника за трауматологија, ортопедски болести, анестезија, реанимација, интензивно лекување и ургентен центар - Скопје | 160 | 35 | 4,6 |
| ЈЗУ Институт по белодробни заболувања кај децата Козле - Скопје | 337 | 50 | 6,7 |
| ЈЗУ Општа болница - Велес | 663 | 91 | 7,3 |

| КОВИД-ЦЕНТАР | ВКУПЕН БРОЈ НА ХОСПИТАЛИЗИРАНИ ПАЦИЕНТИ | ВКУПЕН БРОЈ НА МЕДИЦИНСКИ СЕСТРИ | БРОЈ НА ПАЦИЕНТИ НА ЕДНА МЕДИЦИНСКА СЕСТРА |
|---|---|---|---|
| ЈЗУ Општа болница - Куманово | 1 001 | 129 | 7,8 |
| ЈЗУ Општа болница со проширена дејност - Кавадарци | 654 | 68 | 9,6 |
| ЈЗУ Универзитетска клиника за нефрологија | 304 | 31 | 9,8 |
| Просек | | | 10,5 |
| ЈЗУ Општа болница - Охрид | 1 448 | 130 | 11,1 |
| ЈЗУ Општа болница - Струга | 613 | 53 | 116 |
| ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза - Скопје | 432 | 35 | 12,3 |
| ЈЗУ Клиничка болница - Битола | 988 | 80 | 12,4 |
| ЈЗУ Општа болница „Д-р Ферид Мурад“ - Гостивар | 540 | 43 | 12,6 |
| ЈЗУ Универзитетска клиника за неврологија | 384 | 27 | 14,2 |
| ЈЗУ Општа болница со проширена дејност - Гевгелија | 474 | 32 | 14,8 |
| ЈЗУ Општа болница со проширена дејност - Кочани | 209 | 14 | 14,9 |
| ЈЗУ Универзитетска клиника за гастроентерохепатологија - Скопје | 182 | 12 | 15,1 |
| ЈЗУ Универзитетска клиника за уво, нос и грло - Скопје | 330 | 18 | 18,3 |
| ЈЗУ Општа болница со проширена дејност - Дебар | 260 | 11 | 23,6 |
| ЈЗУ Општа болница - Кичево | 289 | 12 | 24,1 |
| ЈЗУ Универзитетска клиника за дерматологија - Скопје | 405 | 16 | 25,3 |
| ЈЗУ Општа болница - Струмица | 1 061 | 40 | 26,5 |
| ЈЗУ Клиника за инфективни болести и фебрилни состојби - Скопје | 3 821 | 61 | 62,6 |
| ЈЗУ Клиничка болница - Тетово | 702 | 11 | 63,8 |
| ЈЗУ Универзитетска клиника за очни болести - Скопје | 126 | нема податок | |
| ЈЗУ Општа болница со проширена дејност- Прилеп | 2 110 | нема податок | |

# КОРИСТЕНИ ЛЕКОВИ ЗА ТРЕТМАН НА ХОСПИТАЛИЗИРАНИТЕ ПАЦИЕНТИ ВО КОВИД-ЦЕНТРИТЕ

Во ковид-центрите ширум државата за лекување на хоспитализираните пациенти биле користени лековите Еноксапарин (Клексан) и Надропарин (Фраксипарин). Поголемиот дел од ковид-центрите го користеле лекот Еноксапарин (Клексан), дел ги користеле двата лека, а само еден центар го користел само лекот Надропарин (Фраксипарин).

Според податоците најмногу ампули од лековите се употребени во ЈЗУ Градска општа болница „8-ми Септември" - Скопје 74 899, додека, пак, најмалку ампули се употребени во ЈЗУ Општа болница со проширена дејност - Кочани – 250.

Во просек во процесот на лекување 1 пациент добивал по 17 ампули од лековите.
Согласно со податоците најмногу ампули по пациент се употребени во ЈЗУ Градска општа болница „8-ми Септември" - Скопје со 56.

Една ампула по пациент е употребувана во ЈЗУ Општа болница со проширена дејност - Кочани, ЈЗУ Универзитетска клиника за уво, нос и ЈЗУ Општа болница со проширена дејност - Прилеп.

**ВКУПЕН БРОЈ НА МЕДИЦИНСКИ СЕСТРИ И ОДНОС ПОМЕЃУ БРОЈОТ НА ХОСПИТАЛИЗИРАНИТЕ ПАЦИЕНТИ И БРОЈ НА АНГАЖИРАНИ МЕДИЦИНСКИ СЕСТРИ ВО ПЕРИОДОТ 1.10.2020 – 31.3.2021**

| КОВИД-ЦЕНТАР | ВКУПЕН БРОЈ НА ХОСПИТАЛИЗИРАНИ ПАЦИЕНТИ | ВКУПЕН БРОЈ НА АМПУЛИ | БРОЈ НА УПОТРЕБЕНИ АМПУЛИ ПО ПАЦИЕНТ |
|---|---|---|---|
| ЈЗУ Градска општа болница „8-ми Септември" - Скопје | 1 338 | 74 899 | 56 |
| ЈЗУ Универзитетска клиника за гастроентерохепатологија - Скопје | 182 | 6 098 | 33,5 |
| ЈЗУ Институт по белодробни заболувања кај децата Козле - Скопје | 337 | 11 182 | 33,2 |
| ЈЗУ Општа болница со проширена дејност - Кавадарци | 654 | 20 100 | 30,7 |
| ЈЗУ Универзитетска клиника за неврологија | 384 | 11 784 | 30,7 |
| ЈЗУ Општа болница - Кичево | 289 | 8 100 | 28 |

| КОВИД-ЦЕНТАР | ВКУПЕН БРОЈ НА ХОСПИТАЛИЗИРАНИ ПАЦИЕНТИ | ВКУПЕН БРОЈ НА АМПУЛИ | БРОЈ НА УПОТРЕБЕНИ АМПУЛИ ПО ПАЦИЕНТ |
|---|---|---|---|
| ЈЗУ Универзитетска клиника за трауматологија, ортопедски болести, анестезија, реанимација, интензивно лекување и ургентен центар - Скопје | 160 | 4 254 | 26,6 |
| ЈЗУ Универзитетска клиника за очни болести - Скопје | 126 | 3 264 | 25,9 |
| ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза - Скопје | 432 | 11 090 | 25,7 |
| ЈЗУ Општа болница - Велес | 663 | 16 140 | 24,3 |
| ЈЗУ Општа болница - Куманово | 1 001 | 24 014 | 24 |
| ЈЗУ Универзитетска клиника за нефрологија | 304 | 6 739 | 22,2 |
| ЈЗУ Клиничка болница - Тетово | 702 | 15 216 | 21,7 |
| ЈЗУ Општа болница со проширена дејност - Гевгелија | 474 | 8 250 | 17,4 |
| ЈЗУ Клиничка болница - Битола | 988 | 17 166 | 17,4 |
| Просек | | | 16,7 |
| ЈЗУ Универзитетска клиника за детски болести - Скопје | 60 | 978 | 16,3 |
| ЈЗУ Општа болница - Струга | 613 | 9 680 | 15,8 |
| ЈЗУ Клиничка болница - Штип | 1 056 | 15 336 | 14,5 |
| ЈЗУ Општа болница - Охрид | 1 448 | 18 647 | 12,9 |
| ЈЗУ Универзитетска клиника за дерматологија - Скопје | 405 | 5 200 | 12,9 |
| ЈЗУ Клиника за инфективни болести и фебрилни состојби - Скопје | 3 821 | 43 820 | 11,5 |
| ЈЗУ Универзитетска клиника за пластична и реконструктивна хирургија - Скопје | 58 | 497 | 8,6 |
| ЈЗУ Општа болница со проширена дејност - Дебар | 260 | 1 408 | 5,4 |
| ЈЗУ Општа болница - Струмица | 1 061 | 5 280 | 5 |
| ЈЗУ Општа болница „Д-р Ферид Мурад“ - Гостивар | 540 | 976 | 1,8 |
| ЈЗУ Општа болница со проширена дејност - Кочани | 209 | 250 | 1,2 |
| ЈЗУ Универзитетска клиника за уво, нос и грло - Скопје | 330 | 370 | 1,1 |
| ЈЗУ Општа болница со проширена дејност - Прилеп | 2 110 | 1 537 | 0,7 |

# УПОТРЕБЕН КИСЛОРОД ЗА ЛЕКУВАЊЕ НА ПАЦИЕНТИТЕ ВО КОВИД-ЦЕНТРИТЕ

Податоците за потрошеното количество на кислород за потребите на лекувањето на хоспитализираните пациенти беа побарани како од самите ковид-центри, така и од јавната установа од областа на здравството за потребите на јавните здравствени установи, универзитетски клиники, завод и ургентен центар Скопје која го вршела снабдувањето со кислород на ковид-центрите во рамките на некогашниот Клинички центар во Скопје.

Според добиените податоци во просек биле употребени 174 килограми кислород по пациент. Најмногу кислород е употребено ЈЗУ Универзитетска клиника за инфективни болести и фебрилни состојби 581 729 килограми. Најмалку кислород е употребено во ЈЗУ Општа болница - Кичево 2 433 килограми.

Што се однесува до употребениот кислород по глава на пациент, на чело е ЈЗУ Универзитетска клиника за трауматологија, ортопедски болести, анестезија, реанимација, интензивно лекување и ургентен центар - Скопје со 1 428 килограми по пациент, додека најмалку кислород по глава на пациент е употребено во ЈЗУ Општа болница - Струмица по 5 килограми по пациент.

**ПОТРОШЕНА КОЛИЧИНА НА КИСЛОРОД ЗА ЛЕКУВАЊЕ НА ПАЦИЕНТИТЕ ВО КИЛОГРАМИ И ПОТРОШЕНА КОЛИЧИНА НА КИСЛОРОД ПО ПАЦИЕНТ ВО ПЕРИОДОТ 1.10.2020 – 31.3.2021**

| КОВИД-ЦЕНТАР | БРОЈ НА ПАЦИЕНТИ НА КОИ ИМ Е ПРУЖЕНА КИСЛОРОДНА ПОДДРШКА | ВКУПНО ПОТРОШЕНА КОЛИЧИНА НА КИСЛОРОД ВО КИЛОГРАМИ | ПОТРОШЕНА КОЛИЧИНА НА КИСЛОРОД ПО ПАЦИЕНТ |
|---|---|---|---|
| ЈЗУ Универзитетска клиника за трауматологија, ортопедски болести, анестезија, реанимација, интензивно лекување и ургентен центар - Скопје | 109 | 155 674 | 1 428 |
